ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 24 ДАТА 19.06.2019 ГОДИНА 37

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 24 ДАТА 19.06.2019 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 18.06.2019 година**

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерот Ајрулаху Б. Изет од Фудбалскиот клуб „Генчкалемлеспорт„ с. Бањица со Ид.бр. 109583, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Седница од 18.06.2019 гоидина**
**за ОФС Тетово**

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерот Усеини С. Мухамед со Ид.бр. 102489 го раскинаа договорот за врботување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал број 1448/2019 склучен на ден 27.02.2019 година, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Петковски С. Филип со Ид.број 103705 од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општиски фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрцијата на фудбалерот Незири З. Меџит од ФК „Вентолипдс„ од Република Латвија за ФК „Шкендија АД„ од Тетово, по член 35/11, бидејќи нема сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на ФФМ. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 2 (две) години, бидејќи нее објавена регистрацијата.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 18.06.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СКОПЈЕ АД„ Скопје: Петковски С. Филип од ФК „Тетекс АД„ Тетово, по чл. 35/3.
ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Ангелов Матеј од ФК „Брегалница 2008 АД„ Скопје по член 35/3.

- **Раскин на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Ѓорѓиевски И. Бојан го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Емил Руменов Вијачки го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје фудбалерите: Ѓорѓиевски И. Бојан и Емил Руменов Вијачки од ФК „Работнички АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 15.06.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АЕРОДРОМ 2018„ Скопје: Петровски И. Лука, Вега С. Адриан, Цветковски Г. Филип, Маневски М. Андреја, по член 35/1.

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ„ Скопје: Мицевски З. Петар од ФК „Вардар АД„ Скопје, чл. 35/3.

ФК „ФУДБАЛ КИДС„ Скопје: Краљевски К. Мартин од ФК „Драчево Јуниор„ од Скопје, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 13.06.2019 година**

- **Склучување Анекс на Професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Илиевски Т. Бојан склучија Анекс на Договорот за вработување на фудбалер за пофесионално занимавање со фудбал објавен во „Макфудбал„ број 28/18 од 18.07.2018 година.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерот Илијоски Ѓ. Ристе со Ид.број 102684 од ФК „Пелистер АД„Битола,поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 17.06.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Велиновски Д. Кристијан од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, Скендери М. Емир од ФК „Кожуф„ од Гевгелија и Танушев Д. Ѓорѓи од ФК „Победа АД„ Прилеп, чл.35/3.

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица и фудбалерот Велинов Б. Стојанчо го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица и фудбалерот Чубраковиќ Љубинко Душан во времетраење од 1 (една) година бидејќи нема уверение од МВР за престој на фудбалерот.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 13.06.2019 година**

- **Склучување на Анекси на професионални договори:**

ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје и фудбалерите: Филип Мишевски, Стојан Димовски, Дејан Тантуровски, Боби Божиновски и Марко Јованоски склучија Анекси на договорите за вработување на фудбалер за пофесионално занимавање со фудбал, со што договорите се продолжуваат за по 1 (една) година за секој фудбалер до Летен преоден рок 2020 година, до 14.06.2020 година.

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-905/3
29.05 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – зам.Претседавач, Сашка Зердеска -член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари натпревари бр. 15-905/1 од 02.05.2019 година против Бобан Тофиловски претставник на Ф.К.Тетекс АД поради неспортски однос(влегување на терен) на натпреварот одигран во рамки на 23 коло Втора МФЛ одигран на 26.04.2019 година помеѓу Ф.К.Струга Трим Лум-Ф.К.Тетекс АД одигран на Стадион Расадник во Тетово ,на седницата одржана на ден 29.05.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Бобан Тофиловски претставник на Ф.К.Тетекс АД** поради неспортски однос(влегување на терен) на натпреварот одигран во рамки на 23 коло Втора МФЛ одигран на 26.04.2019 година помеѓу Ф.К.Струга Трим Лум-Ф.К.Тетекс АД одигран на Стадион Расадник во Тетово му се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од 1(ЕДЕН) месец.

2. Казната почнува да тече од 27.04.2019 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување бр. 15-905/1 од 02.05.2019 година против Бобан Тофиловски претставник на Ф.К.Тетекс АД поради неспортски однос(влегување на терен) на натпреварот одигран во рамки на 23 коло Втора МФЛ одигран на 26.04.2019 година помеѓу Ф.К.Струга Трим Лум-Ф.К.Тетекс АД одигран на Стадион Расадник во Струга пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,изјава од пријавениот,ја утврди следната фактичка состојба.

На ден 26.04.2019 година е одигран натпреварот во рамки на 23 коло Втора МФЛ,помеѓу екипите на Ф.К.Струга Трим Лум-Ф.К.Тетекс АД одигран на Стадион Расадник во Тетово .Во 73 минута од натпреварот **Бобан Тофиловски претставник на Ф.К.Тетекс АД** бил отстранет од клупата од страна на главниот судија на натпреварот Благојче Ралевски, поради неспортско и недолично однесување користење на погрдни и вулгарни зборови кон судиската четворка.Врз основа на вака утврдената фактичка состојба,дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од член 35 од ДП на ФФМ,за кој прекршок е предвидена дисциплинска санкција во член 35 став 1 алинеа 3 од ДП на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности на настанот,како и претходното однесување на пријавениот,пшо што согласно член 3 од ДП на ФФМ изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**

**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Тетекс АД**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0801-935/2 29.05 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член , ,постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари **бр. 15-935/1** од 06.05.2019 година против Ф.К.Шкупи 1927 АД поради слаба организација и користење на пиротехнички средтства,фрлање на терен пластични шишиња од страна на навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД на натпреварот одигран во рамки на 32 коло Прва МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на Стадион Чаир во Скопје на седницата одржана на 29.05.2019 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. **Ф.К.Шкупи 1927 АД СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1000 (Илјада) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Шкупи 1927 АД**, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари **бр. 15-935/1** од 06.05.2019 година против Ф.К.Шкупи 1927 АД поради слаба организација и користење на пиротехнички средтства,фрлање на терен пластични шишиња од страна на навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД на натпреварот одигран во рамки на 32 коло Прва МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на Стадион Чаир во Скопје постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Навивачка група Шверцери во текот на натпреварот одигран во рамки на 32 коло Прва МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на Стадион Чаир во Скопје ,неспортски се однесувала во текот на натпреварот и тоа во 1 минута од натпреварот запалиле поголема количина на бакли од кои дел завршиле на теренот,при што биле опоменати преку разглас,и ваквото однесување не се повторило а натпреварот продолжил без никакви проблеми,по завршување на натпреварот од старана на навивачката група биле фрлени пластични шишина на терен но никој не бил погоден.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдена фактичка состојба ,оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 ст1 и ст6 ,од ДП на ФФМ.Комисијата при оцена за направен прекршок и при самото одмерување на

казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ,каде е утврдено “Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери,службени лица на клубот,било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување”.Согласно на горенаведеното недвосмислено прозиглеува одговорнста на клубот за однесувањето на своите навивачиод ДП на ФФМ ,кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци ,видовите на казни,субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување .Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Шкупи 1927 АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0801-971/3
29.05 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – зам.Претседавач, Сашка Зердеска -член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-971/1 од 14.05.2019 година против Сашко Ристов Кондиционен тренер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 поради неспортски однос кон претставникот на гостинската екипа Горан Јанкулов на натпреварот одигран во рамки на 25 коло Втора МФЛ одигран на 11.05.2019 година помеѓу Ф.К.Тиквеш 1930-Ф.К.Кожуф одигран на Градски Стадион во Кавадарци ,на седницата одржана на ден 29.05.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Сашко Ристов Кондиционен тренер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930** му се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од 1(ЕДЕН) месец.

2. Казната почнува да тече од 12.05.2019 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување бр. 15-971/1 од 14.05.2019 година против Сашко Ристов Кондиционен тренер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 поради неспортски однос кон претставникот на гостинската екипа Горан Јанкулов на натпреварот одигран во рамки на 25 коло Втора МФЛ одигран на 11.05.2019 година помеѓу Ф.К.Тиквеш 1930-Ф.К.Кожуф одигран на Градски Стадион во Кавадарци, пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,изјава од пријавениот,ја утврди следната фактичка состојба.

На ден 11.05.2019 година е одигран натпреварот во рамки на 25 коло Втора МФЛ,помеѓу екипите на Ф.К.Тиквеш 1930-Ф.К.Кожуф одигран на Градски Стадион во Кавадарци.Во 39 минута од натпреварот Сашко Ристов Кондиционен тренер на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 бил отстранет од клупата од страна на главниот судија на натпреварот Стојанов Стојанче, поради неспортско и недолично однесување кон претставникот на гостинската екипа Горан Јанкулов .Врз основа на вака утврдената фактичка состојба,дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од член 35 од ДП на ФФМ,за кој прекршок е предвидена дисциплинска санкција во член 35 став 1 алинеа 3 од ДП на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите olеснителни и отежителни околности на настанот,како и претходното однесување на пријавениот,пшо што согласно член 3 од ДП на ФФМ изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

Деловоден бр. 0801-971/3

Дисциплинска Комисија

**Дисциплинска Комисија**

**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Тиквеш 1930**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-971/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801 - 1057/2
29.05 2019 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов -член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1057/1 од 28.05.2019 година против Ф.К.Гоблен Јуниор, поради повреда на член 41,42,,58,,62 и 81 од правилник за Натпреварување и член 57 од Дсициплински правилник на ФФМ,не обезбедил Терен за одигрување и екипата не се појавила на деренот за натпреварот со Г.Ф.К.Гостивар од 27 коло Втора МФЛ на Стадион Башкими во Куманово на седницата одржана на ден 29.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**1.СЕ ПОВЕДУВА** дисциплинска постапка против Ф.К.Гоблен Јуниор, поради повреда на член 41,42,,58,,62 и 81 од правилник за Натпреварување и член 57 од Дсициплински правилник на ФФМ,не обезбедил Терен за одигрување и екипата не се појавила на деренот за натпреварот со Г.Ф.К.Гостивар од 27 коло Втора МФЛ на Стадион Башкими во Куманово

**2.СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** овластено лице на Ф.К.Гоблен Јуниор и службени лица на натпреварот да достават писмена изјава во врска со овој настан во рок од 3 дена од денот на приемот на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1057/1 од 28.05.2019 година против Ф.К.Гоблен Јуниор, поради повреда на член 41,42,,58,,62 и 81 од правилник за Натпреварување и член 57 од Дсициплински правилник на ФФМ,не обезбедил Терен за одигрување и екипата не се појавила на деренот за натпреварот со Г.Ф.К.Гостивар од 27 коло Втора МФЛ на Стадион Башкими во Куманово, одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Гоблен Јуниор**
**Комисија за натпревари на ФФМ**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Судиски оддел на ФФМ**

Деловоден бр. 0801- 1057/2

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**

ФК ПЕТРОВЕЦ

Од:Фудбалски Клуб  Петровец
До:Фудбалска федерација на Македонија

Датум:17.06.2019

# БАРАЊЕ

Почитувани,

Ве молиме ако сте во можност да ни излезете во пресрет со донација од 30 маици и 20 фудбалски топки.Ова е барање за фудбалската школа на ФК Петровец генерација 2006/2007.

Однапред благодариме за големата поддршка од ваша страна за спортот.

Спортски Поздрав

ФК Петровец

Секретар

Ѓорѓи Божиновски

лица за контакт
Претседател : Дејан Цветановски 070/999-800
Секретар: Ѓорѓи Божиновски 071/211-092